**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 јули 2022 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: јуни 2022 година

– Во јуни 2022 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, забележа месечен раст од 0,7%, којштo главно се должи на зголемувањето на депозитните пари, при дополнителен позитивен придонес и на краткорочните депозити и на готовите пари во оптек, а во услови на пад на долгорочните депозити до две години. Годишниот раст изнесува 2,3% и речиси во целост произлегува од зголемувањето на краткорочните депозити, во услови на пад на долгорочните депозити до две години и на депозитните пари.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[3,4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 5.2022 | 6.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 5.2022 | 6.2022 | 5.2022 | 6.2022 |
| **Парична маса М4** | **491,717** | **500,202** | **507,536** | **521,005** | **504,867** | **507,188** | **7.9** | **6.7** | **8.2** | **7.0** | **1.8** | **1.4** | **-0.2** | **0.5** |
| **Парична маса М3** | **441,478** | **451,639** | **460,723** | **474,753** | **459,013** | **462,071** | **9.4** | **8.3** | **10.1** | **8.8** | **2.7** | **2.3** | **-0.1** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 43,350 | 43,604 | 44,951 | 44,480 | 43,081 | 43,626 | 14.4 | 6.0 | 7.9 | 1.8 | -1.9 | 0.0 | -2.4 | 1.3 |
| **Вкупни депозити** | **439,343** | **447,237** | **453,469** | **468,649** | **453,338** | **455,351** | **7.4** | **6.8** | **8.3** | **7.8** | **2.4** | **1.8** | **0.0** | **0.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 122,085 | 128,970 | 130,048 | 137,557 | 123,078 | 122,783 | 12.9 | 16.7 | 15.6 | 11.6 | -1.6 | -4.8 | 0.1 | -0.2 |
| *Во денари* | 85,618 | 88,994 | 87,402 | 92,116 | 81,723 | 82,477 | 12.8 | 14.7 | 9.7 | 6.7 | -5.2 | -7.3 | 1.9 | 0.9 |
| *Во странска валута* | 36,467 | 39,976 | 42,646 | 45,441 | 41,354 | 40,306 | 13.0 | 21.4 | 29.8 | 23.2 | 6.4 | 0.8 | -3.4 | -2.5 |
| Домаќинства | 289,941 | 292,359 | 297,702 | 305,407 | 304,499 | 307,662 | 5.2 | 4.2 | 6.9 | 7.1 | 4.5 | 5.2 | 0.2 | 1.0 |
| *Во денари* | 152,839 | 152,597 | 154,062 | 151,822 | 142,633 | 143,081 | 3.6 | 2.3 | 5.7 | 0.5 | -6.9 | -6.2 | -0.3 | 0.3 |
| *Во странска валута* | 137,102 | 139,762 | 143,640 | 153,585 | 161,866 | 164,580 | 7.1 | 6.4 | 8.3 | 14.4 | 17.1 | 17.8 | 0.7 | 1.7 |
| **Вкупни кредити** | **361,561** | **370,862** | **375,116** | **386,884** | **403,545** | **407,774** | **5.2** | **5.1** | **6.3** | **8.3** | **9.9** | **10.0** | **0.8** | **1.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 171,117 | 175,067 | 176,093 | 184,675 | 194,578 | 196,797 | 2.1 | 1.2 | 4.8 | 8.7 | 11.9 | 12.4 | 0.5 | 1.1 |
| *Во денари* | 103,024 | 106,876 | 107,485 | 114,622 | 119,773 | 119,555 | -0.6 | 0.2 | 5.5 | 11.6 | 12.2 | 11.9 | 0.5 | -0.2 |
| *Во странска валута* | 68,093 | 68,191 | 68,608 | 70,053 | 74,805 | 77,243 | 6.3 | 2.9 | 3.7 | 4.3 | 11.2 | 13.3 | 0.4 | 3.3 |
| Домаќинства | 188,697 | 193,906 | 197,127 | 200,249 | 206,819 | 208,836 | 8.1 | 8.7 | 7.5 | 7.8 | 8.0 | 7.7 | 1.1 | 1.0 |
| *Во денари* | 106,994 | 109,484 | 111,470 | 113,317 | 116,979 | 117,960 | 10.7 | 10.1 | 7.2 | 7.9 | 7.9 | 7.7 | 1.0 | 0.8 |
| *Во странска валута* | 81,703 | 84,422 | 85,657 | 86,932 | 89,840 | 90,876 | 4.8 | 7.0 | 7.8 | 7.6 | 8.1 | 7.6 | 1.2 | 1.2 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 година па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[4] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

- Во јуни годинава, **вкупните депозити**[5] остварија месечно и годишно зголемување од 0,4% и 1,8%, соодветно, коешто во целост е резултат на зголемувањето на депозитите на секторот „домаќинства“.

- **Вкупните кредити**[6]**,** во јуни, забележаа месечен и годишен раст од 1,0% и 10,0%, соодветно. Позитивната промена кај двете основи е одраз на повисокото кредитирање кај двата сектора, коешто е поизразено кај корпоративниот сектор.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

---

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година од билансна во вонбилансна евиденција. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1 јули 2019 година, со што ефектот од спордбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Вкупните **депозити на корпоративниот сектор,** во јуни, се намалени за 0,2% во однос на претходниот месец. Надолната промена во поголем дел е резултат на намалувањето на краткорочните депозити во странска валута, како и долгорочните депозити во денари, а во помал дел и на долгорочните депозити во странска валута, во услови на забележан раст на депозитните пари и краткорочните депозити во денари. Анализирано на годишна основа, депозитите на корпоративниот сектор бележат пад од 4,8%, главно поради намалувањето на долгорочните депозити во странска валута, како и депозитните пари, долгорочните и краткорочните депозити во денари, а во услови на раст на краткорочните депозити во странска валута.

– **Кредитите на корпоративниот сектор**[8], овој месец, бележат месечен раст од 1,1%, што во целост се објаснува со зголемувањето на кредитите во странска валута, во услови на мал пад на кредитите во денари. Годишната промена е позитивна и изнесува 12,4%, поради растот на кредитите во денари и во странска валута, којшто е поизразен кај кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

– Овој месец, **депозитите на домаќинствата** забележаа раст од 1,0%, на месечна основа. Нагорната промена во најголем дел се должи на зголемувањето на краткорочните депозити во странска валута, при помало позитивно влијание и на депозитните пари и долгорочните депозити во странска валута, а во услови на пад на долгорочните и краткорочните депозити во денари. Годишната стапка на раст од 5,2% пред сè произлегува од зголемувањето на краткорочните депозити во странска валута, а во помала мера од зголемувањето и на долгорочните депозити во странска валута и на депозитните пари, при остварен пад на долгорочните и краткорочните депозити во денари.

– Во јуни, вкупните **кредити на домаќинствата** на месечно ниво се зголемија за 1,0%, како резултат на зголеменото кредитирање во денари и во странска валута, малку поизразено кај кредитите во странска валута. Во однос на истиот месец минатата година, кредитите на домаќинствата се повисоки за 7,7%, при што зголемувањето во поголем дел произлегува од зголемените кредити одобрени во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 5.2022 | 6.2022 | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 5.2022 | 6.2022 | 5.2022 | 6.2022 |
| Потрошувачки кредити | 99,721 | 102,516 | 103,902 | 105,888 | 108,201 | 109,439 | 6.7 | 7.9 | 6.2 | 7.2 | 6.9 | 6.8 | 0.8 | 1.1 |
| Станбени кредити | 59,901 | 62,384 | 65,006 | 67,353 | 70,899 | 71,664 | 13.1 | 14.7 | 16.1 | 15.5 | 15.8 | 14.9 | 1.2 | 1.1 |
| Автомобилски кредити | 263 | 242 | 242 | 237 | 227 | 227 | -14.0 | -17.1 | -16.9 | -15.9 | -8.9 | -6.4 | -2.4 | -0.3 |
| Кредитни картички | 10,539 | 10,488 | 10,378 | 10,253 | 10,201 | 10,273 | -8.9 | -8.9 | -10.9 | -8.5 | -2.2 | -2.1 | 0.7 | 0.7 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,399 | 6,419 | 6,470 | 5,907 | 6,478 | 6,518 | -1.5 | 3.4 | 3.0 | 1.5 | 0.5 | 1.5 | 2.1 | 0.6 |
| Други кредити | 3,736 | 3,687 | 2,766 | 2,611 | 2,402 | 2,369 | -5.8 | -6.6 | -29.3 | -32.5 | -34.4 | -35.8 | -1.9 | -1.4 |

Извор: НБРСМ.

– Во јуни, анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, бележат месечен раст од 1,1%, соодветно, а на годишна основа се повисоки за 6,8% и 14,9%, соодветно. **Автомобилските кредити,** овој месец, се намалија на месечна и годишна основа за 0,3% и 6,4%, соодветно. Во јуни, кредитите одобрени на **кредитни картички** бележат месечно зголемување од 0,7%, а на годишно ниво се пониски за 2,1%. **Негативните салда на тековните сметки** оствария месечен и годишен раст од 0,6% и 1,5%, соодветно. Кредитите одобрени врз **други основи**, овој месец, се намалија за 1,4% на месечна основа и за 35,8% на годишна основа.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 19 август 2022 година (референтен пресек заклучно со јули 2022).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).